| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | Пронајди ја формата |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема „Како правилно се одржува лична хигиена додека играме со другарите кога сме во паркот“. |
| **Активности** | Натпреварувачките игри се вистински предизвик за децата. Преку нив децата истовремено учат и ја задоволуват потребата за игра и движење.<br>За играта Ви се потребни форми на круг, квадрат и правоаголник кои ќе ги исечете од хартија во боја која ја имате во Вашиот дом.<br>Дозволете им на децата самостојно да сечат и давајте им инструкции како правилно да ги држат ножиците и да сечат по нацртана линија. Разговарајте и прашајте ги децата да ви кажат која е формата што ја сечеле. Потоа поттикнете ги децата да именуваат предмети со истата форма од вашето опкружување. Може да излезете надвор и со себе понесети ги исечените форми. Земете пластични корпи и поставете ги на земја. Одбележете ги корпите секоја посебно со различна форма. Исечените форми на круг, квадрат и правоаголник расфрлајте ги на земјата на различни страни. Сите членови од семејството земете учество и поделете се кој која форма ќе ја собира. На даден знак почнувате, времето мерете го со помош на песна. Кога ќе заврши песната треба сите да ја завршите играта. Победник е оној кој има собрано најмногу форми. Избројте ги заедно со децата формите. Така детето ќе може истовремено да ги учи формите, боите и бројките.<br>Излезете надвор во блискиот парк и поканете ги другарите на Вашите деца и заеднички играјте ја оваа игра. Но најважно е да ги почитувате правилата на физичкото растојание во текот на играта! |